РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-112/2
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1346/1 од 17.04.2025 година, оформен по пријава, препратена од Државниот просветен инспекторат, со наводи за сомневање за незаконско именување на лицето --------- ---------- за в.д директор на СМУГС „------------------------------“ Скопје и наводи за сомневање за непотизам и судир на интереси, бидејќи вработил две лица, негови блиски роднини во истото училиште, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупција и судир на интереси, по однос на наводите за сомневање за незаконско именување на наведеното лице нема елементи за натамошно постапување, бидејќи за овие наводи ДКСК се произнела и донела одлука во друг предмет со иста фактографија на пријавени наводи бр.12-513/1 од 26.01.2026 година.
По однос на наводите за сомневање за непотизам и судир на интереси, оформен е друг предмет, каде постапувањето на ДКСК е во тек.

Предметот со број 12-1346/1 од 17.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

ДКСК постапува по предмет со број 12-1346/1 од 17.04.2025 година, оформен по анонимна пријава препратена од Државниот просветен инспекторат (во натамошниот текст ДПИ), а која до нив била доставена од група наставници.
Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за незаконско именување на лицето ------------------- за в.д директор на СМУГС „------------------------------“ Скопје, како и наводи за сомневање за непотизам и судир на интереси поради тоа што споменатиот директор вработил две блиски лица -негови внуци, во истото училиште, на работно место наставник

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

по биологија на определено работно време и чувар на неопределено време. Во пријавата се наведува и дека, споменатиот директор три мандати последователно бил именуван за в.д директор на СМУГС „---------------------------" Скопје од страна на Градоначалникот на Град Скопје ---------- ---------------------, во спроведена постапка со објавување на оглас, со што било постапено спротивно на член 92-а од Законот за средно образование, кој гласи: *„Градоначалникот, за општинските средни училишта, односно средни училишта од Градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор да распише оглас за избор на директор".*

ДПИ постапил по поднесената претставка од група наставници, со тоа што на 07.04.2025-08.04.2025 година извршил вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор СМУГС „------------------------------", изготвил Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1 број.---------- од 09.04.2025 година. Во записникот за извршен инспекциски надзор ДПИ го утврдил следново: до денот на надзорот, по однос на наводите за сомневање за незаконско назначување три мандати последователно на лицето --------- ------- за в.д директор во предметното училиште од страна на градоначалникот на Град Скопје, училиштето немало добиено одлука за распишување на оглас од страна на градоначалникот на Град Скопје. На директорот на училиштето од спросветниот инспектор му било дадено Укажување дека е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот со почитување на работните обврски пропишани во законските и подзаконските акти.
По однос на наводите за сомневање за непотизам и судир на интереси во пријавениот случај, ДПИ одлучил предметот да го достави на надлежно постапување до ДКСК согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави барање за прибирање на податоци до Град Скопје и до СМУГС „---------------- ---------------------" во Скопје.

На ден 16.05.2025 година, горенаведеното училиште достави информација со прилог документација, во која се наведува дека лицето --------------------------------- било вработено на работното место наставник по --------------- на определено време, по пат на јавен оглас, по предлог за избор од Училишниот одбор и бил единствен кандидат пријавен на јавниот оглас. Лицето ------------ ------------ било вработено на работното место ----------, преку посредување со Агенција за вработување на РСМ, по основ на итни и неодложни работи, како и заради пополнување на упразнето работно место поради заминување на претходниот работник во пензија.
На ден 05.01.2026 година, Град Скопје достави одговор со прилози од решенија за именување вршител на должноста директор на СМУГС „---------------------------" во Скопје на

лицето --------- --------------- и Решенија за утврдување на престанок на функцијата вршител на должноста директор на СМУГС „----------------------“ во Скопје на истото лице, врз основа на кои три мандати последователно бил избран и разрешен за в.д директор.
Видно од Решението за утврдување на престанок на функцијата вршител на должноста директор на СМУГС „-------------------------“ во Скопје со бр.------------------- од 17.11.2025 година, донесено од страна на ново избираниот Градоначалник на Град Скопје ------ -------------------, ДКСК утврди дека на лицето --------- --------------- му престанала функцијата вршител на должност директор на СМУГС „-----------------------------“ во Скопје.

Во текот на надлежното постапување на ДКСК по овој предмет, дојдено е до сознание дека ДКСК постапила и по друг предмет со бр.12-2991/1 од 20.11.2024 година оформен по истите пријавени наводи. ДКСК при постапувањето по овој предмет има донесено одлука со бр.12-513/1 од 28.01.2026 година, со која е одлучено дека ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка пред друг надлежен орган, поради тоа што се потврдени пријавените наводи и констатирана е повреда на Закон во предметниот случај.
По однос на наводите за сомневање за непотизам и судир на интереси против истото лице наведени во пријавата на ДПИ, ДКСК има оформено предмет број 09-482/1 од 27.01.2026 година, по кој постапката е во тек и не е донесена одлука од нејзина надлежност.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за пријавените наводи кои се однесуваат на сомневање за незаконско именување на лицето ------------- -------------- за в.д директор на СМУГС „-----------------------“ Скопје, ДКСК веќе се има прознесено и има донесено одлука од своја надлежност, како и дека по однос на наводите за сомневање за судир на интереси во тек е постапување на ДКСК. Воедно, на пријавеното лице, со Решение донесено на 17.11.2025 годин, му престанала функцијата вршител на должност директор на СМУГС „------------------------“ во Скопје.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК